ТоплификацијА АД - Скопје

**Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија**

**До**

**Акционери**

Лондонска бб
1000 Скопје
Тел: +389 2 3063 358
Факс +389 2 3076 057
toplif@toplif.com.mk
www.toplif.com.mk

Предмет: Информација

Согласно праксата во развиените земји, обезбедувањето на енергија низ енергетски системи (далекуводи или цевки) се дели на четири посебни дејности:

- Производство,
- Пренос (транспорт на големи далечини),
- Дистрибуција (транспорт во рамките на урбани средини)
- Снабдување (директна продажба на енергијата на крајниот корисник)

Додатно во енергетските системи се појавува и дејноста Трговија, која егзистира и во сите други дејности и ги има истите карактериситки како и во другите дејности.

Основа на либерализацијата на дејностите во енергетските системи е природните монополи кои постоеле во минатото и биле вертикално организирани, т.е. во една фирма биле сите четири погоре наведени дејности, да се разделат и секоја дејност да се реализира од посебна фирма.
Кога ова ќе се оствари, со законски решенија се дава достапност на сите четири или три дејности (обично Преносот останува во државна соспственост и го врши единствена фирма) на сите заинтересирани субјекти.
Кога ќе се појават заинтересирани субјекти за Производството, Дистрибуцијата и за Снабдувањето со енергија и ќе почнат тие дејности да ги вршат на конукрентска основа, либерализацијата на енергетскиот систем е завршена и тие дејности од регулирани дејности (Дејности со директна контрола на Регулаторни тела, Рекулатроната Комисија за Енергетика (РКЕ), во случајот на Република Македонија) стануваат целосно пазарни дејности.

Во Република Македонија обезбедувањето на енергија до крајни корисници преку енергетски системи е застапено во секторот на Електрична енергија, во секторот на Природниот гас и во секторот на Топлинската енергија.

Реорганизацијата на вертикално организираниот монопол во електричниот сектор започна во 2006 година и до денес има либерализација само во снабдувањето на големите потрошувачи (помалку од 20 фирми), додека во снабдувањето на малите корисници сеуште не е реализирана либерализацијата. Во повеќето земји од Централна и Источна Европа либерализацијата на овој сектор е целосно завршена.

Во секторот за Природен гас Во Република Македонија, воопшто не е почнат процесот на либерализација, бидејќи тој сектор многу споро се развива. По повеќе од 15 години достапност на гасот во Република Македонија, на системот се приклучени околу 20 фирми и ниеден мал корисник. Таквата состојба е исклучително голем недостаток за енергетскиот систем на државата, бидејќи еден од најпогодните енергетски ресурси повеќе од 15 години не се користи за покривање на енергетските потреби на државата. Додатно таквата состојба, на мало користење на енергетската инфраструктура и на мали купени количини, предизвикува овој енергент да биде исклучително скап на домашниот пазар, што на субјектите кои мораат да го користат им причинува сериозни економски проблеми.

Топлификација АД, имајќи ги лошите искуства од положбата да се работи во регулирани дејности и верувајќи дека во либерализиран пазар на топлинска енергија ќе постигне многу подобри резултати во 2008 година започна со процес на реорганизација на фирмата со крајна цел трите енергетски дејности застапени во секторот за Топлинска енергија да ги работат посебни фирми.
Со тоа требаше да се овозможи две од трите дејности, Производство на топлинска енергија и Снабдување на топлинска енергија да се либерализираат, т.е. под исти услови да бидат достапни на повеќе субјекти. Третата енергетска дејност, Дистрибуцијата на топлинска енергија низ топлификациониот систем, кој е во државна сопственост, ја врши фирмата Дистрибуција на топлина ДООЕЛ со договор за концесија со државата.
Таквата реорганизација на вертикално организираниот монопол Топлификација АД, овозможи либерализација на овој сектор со тоа што било кој субјект може да се занимава со дејноста Производство на топлинска енергија и со дејноста Снабдување со топлинска енергија.
Основа на таа можност е достапноста на дистрибутивната мрежа на секој заинтересиран субјект. Преку дистрибутивната мрежа секој производител на топлинска енергија може да дојде до секој Снабдувач со топлинска енергија, а секој Снабдувач со топлинска енергија до секој краен корисник на топлинска енергија.

Заклучно со октомври 2011 година, со формирањето на фирмата Производство на топлина ДООЕЛ, заврши процесот на реорганизација на Топлификација АД. Со таа реорганизација се овозможува потполна либерализација на пазарот на топлинска енергија.

Во периодот од 2008 до 2010 година беа формирани и добија лиценци четири фирми во 100% сопственост на Топлификација АД. Од овие фирми три, Снабдување Исток, Снабдување Запад и Снабдување Центар, се занимаваат со Снабдување со топлинска енергија и се конкурираат помеѓу себе. Четвртата фирма Дистрибуција на топлина ДООЕЛ се занимава со дистрибуција на топлинска енергија и го дава неопходниот сервис на достапност на топлинсаката мрежа на сите производители и снабдувачи со топлинска енергија.

**Сите пет фирми формирани во овој период кои ги вршат трите енергетски дејности во топлификациониот систем можеа и можат да добијат конкуренција и од државата и од други приватни субјекти доколку државата или одредени приватни субјекти изразат интерес за работа во соодветната дејност.**
**Со тоа практично, освен реорганизацијата на Топлифиакција АД е реализирана и либерализацијата на пазарот на топлинската енергија што е единиствен случај во регионот.**

Октомври 2011 година беше последен рок за завршување на реорганизацијата бидејќи во номеври 2011 година започнува со работа вториот производител на топлинска енергија ТЕ ТО АД.
Од ноември 2011 година на пазарот на топлинска енергија во државата ќе има независен производител на топлинска енергија ТЕ ТО АД, кој согласно на своите потреби и можности ќе продава топлинска енергија. Поради тоа, согласно Законот за Енергетика потребно е да се појави нов субјект Регулиран производител на топлинска енергија (за таа цел е формирана фирмата

Производство на топлина ДООЕЛ), кој треба да овозможи на ТЕ ТО АД и во иднина на другите заинтересирани независни производители на топлинска енергија да учествуваат на Пазарот на топлинска енергија.
Новиот Регулиран производител на топлинска енергија е должен на системот да ги даде сите неопходни сервиси за да може ТЕ ТО АД и другите идни слични производилтели на топлинска енергија да продаваат топлинска енергија во системот.
Еден од основните сервиси кој оваа нова фирма треба да ги дава на независните производители на топлинска енергија е кога на овие независни производители не им одговара да работат и да произвоедуваат топлинска енергија, Регулираниот производител треба да ги обезбеди потребните количини на топлинска енергија за да дејноста од посебен јавен интерес, снабдување со топлинска енергија, во секој случај биде реализирана.

Производство на топлина ДООЕЛ е фирма во 100% сопственост на Топлификација АД. За да може оваа фирма да ја врши функцијата Регулиран производител на топлинска енергија Топлификација АД и ги изнајми основните средства со договор за изнајмување. Согласно тој договор новата фирма на сопственикот на основните средства Топлификација АД ќе и плаќа годишен износ за изнајмувањето во висина од амортизацијата за основните средства и приносот на капитал одобрен од РКЕ.
Овој приход, согласно сегашните акти кои ги регулираат цените во топлинската енергија треба да биде околу 120 милиони денари на годишно ниво.
Очекуваните приходи од другите фирми на Топлификација АД кои ги вршат другите регулирани дејности (снабдување и дистрибуција) по истиот основ како и од Производство на топлина ДООЕЛ се околу 20 милиони денари на годишно ниво.
Топлификација АД, додатно очекува најмалку 50 милиони денари годишни приходи, во наредните пет години, од од старите побарувања од корисниците на топлинска енергија, од периодот пред 2009 година кога Топлификација АД ги вршеше сите три дејности како една фирма.

Топлификација АД со формирањето на Производство на топлина ги префрли во новата фирма и последните вработени кои беа во Топлификација АД која до октомври 2011 година ја вршеше само функцијата Производство на топлинска енергија. Другите вработени во претходните години беа префрлени во четирите фирми формирани од 2008 до 2010 година.

Со тоа Топлификација АД во иднина нема да врши регулирана енергетска дејност и ќе функционира како сопственик на групација на фирми од кои петте погоре споменати фирми ќе вршат регулирани енергетски дејности, а другите фирми во сопственост на Топлификација АД, за кои сте информирани ќе работат пазарни дејности, како и сите други субјекти во државата.

Со реализираната реорганизација на Топлификација АД нема никаква промена на односите на Топлификација АД кон доверителите и кон фирмите од кои Топлификација АД има побарувања. Топлификација АД со своите погоре дефинирани приходи од фимите во групацијата ќе ги сервисира договите кон доверителите и ќе ги наплаќа своите ненаплатени побарувања од периодот кога работела регулирани дејности.

**Со реализираната реорганизација на Топлификација АД, која е во се спроведена според важечките законски прописи кои го регулираат работењето на трговските друштва и енергетскиот сектор, државата доби либерализиран пазар на топлинска енергија, кој може да фукционира како таков ако има интерес од заинтересирани субјекти, а акционерите на Топлификација АД добија фирма која има загарантирани годишни приходи од регулираните дејности и минимални оперативни трошоци за функционирање.**

**Новите фирми во групацијата Топлификација АД ќе ги извршуваат енергетските дејности за кои се формирани како регулирани субјекти или како пазарни субјекти во зависност од тоа дали ќе има интерес и од други субјекти за вршење на соодветните енергетски дејности.**

**Со таквата реорганизација на минимум се сведени ризиците од евентуални лоши одлуки на РКЕ, кои во минатото направија сериозни штети на Топлификација АД и за кои сеуште се водат управни и граѓански спорови на големи износи, а во јули 2010 година Јавното обвинителство поднесе кривична пријава против петте члена на РКЕ во периодот од 2006 до 2008 година за основано сомневање дека со своите одлуки во тој период се направиле штета на фирмата од околу 700 милиони денари. Намалениот ризик произлегува од фактот дека било која евентуална грешка на РКЕ при дефинирање на цената во било која енергетска дејност веднаш се открива бидеќи фирмите се поделени и тие можат да работат само и единствено ако РКЕ определи цена која реално ги покрива оперативните трошоци.**

**Освен тоа Топлификација АД сега може без ограничување од регулираните дејности за кои до сега имаше леценца како фирма, да се занимава со нови проекти за производство на електрична енергија и за дистрибуција на природен гас, но и со дејности кои не се директно врзани со енергетската дејност.**

**За повеќе конкретни проекти Топлификација АД веќе има потпишано договори за соработка со сериозни и моќни странски компании.**

**Со успешната реализација на проектот ТЕ ТО, Топлификација АД стана посакуван партнер за реализација на слични проекти во државата од многу сериозни и моќни странски фирми. Таквите соработки со сериозни и моќни фирми без спроведедубање на реорганизацијата на фирмата и ослободувањето на фирмата од директните обврски за регулираните дејности беше многу малку возможна и врзана со сериозни ограничувања.**

**Топлификација АД**
**Претседател на Управен одбор**
**Д-р Димитар Хаџи Мишев**